**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Тринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 септември 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,12 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам 13-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот: Владимир Ѓорчев, ме извести дека е спречен да присуствува на седницата.

Меѓувреме се јави за процедурално господин Незири Сафет,повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине претседателе.

Би побарал од вас за дополнителни консултации на парламентарната група да ни дадете една пауза до 13,00 часот. Значи, барам пауза до 13,00 часот.

**Трајко Вељаноски:** Со оглед на тоа што е побарано пауза од страна на заменикот координатор на пратеничката група на ДУИ, ја прекинувам седницата и продолжуваме во 13,00 часот.

(По паузата)

Продолжуваме со работа по 13-та седница на Собранието на Република Македонија.

Остана за расправа точката 26 односно само по гласањето по оваа точка.

Тоа е точката - **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за општата управна постапка.**

Претресот по текстот на Предлогот на законот е завршен.

Ве потсетувам дека согласно точка 1 од амандманот 25 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија и член 11 став 3 од Законот за комитетот за односи меѓу заедниците, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Пред да го ставам Предлогот на законот на гласање за процедурално е јавена госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Би сакала пред пристапувањето кон гласање по овој системски важен закон да го искористам своето деловничко право и да кажам како ќе гласа пратеничката група на СДСМ по Законот за управна постапка.

Пратеничката група на СДСМ ќе го поддржи донесувањето на Законот за општа управна постапка, затоа што тоа го направи во онаа фаза кога и претходниот состав го разгледуваше овој закон, бидејќи овој закон беше едно од прашањата за кое што се разговараше на лидерските средби. Бидејќи, сме доследни на нашите ставови и сакам воедно да укажам, како и тогаш и сега за СДСМ останува дилемата во поглед на институтот Молчење на администрација. Сметаме дека одредбите од трите члена со кои што се воведува новиот институт или нова постапка во случај на Молчење на адмнинистрацијата, сме нецелосно разработени, сметаме дека се недоволно јасни и прецизни и сметаме дека во имплементацијата, во примената на овие одредби од Законот за општа управна постапка ќе настане хаос односно сметаме дека поради недореченостите може да се случи злоупотреба како на органите на државна власт така и на функционерите кои ги водат овие институции, уште еднаш укажуваме дека иако ова прашање беше покренато на лидерските средби, оваа забелешка беше и тогаш истакната налидерските средби и беше земено обврска од страна на Владата дека ќе го разработи ова прашање, не е разработено ова прашање, остануваме повторно на ставот да го поддржиме законот, но укажуваме за недоследностите при решавањето на овој многу важен институт за мене Молчењето на администрација, па сметаме дека недоволната јасност може да предизвика штетни последици при практичната примена. Впрочем и претставникот на предлагачот беше учеснк на овие лидерски средби, знае за забелешките и очекувавме дека ова ќе биде решено но на жалост не е. Остануваме да го поддржиме законот, но слабостите кои што ќе произлезат треба и со оглед на тоа што кажавме треба последиците да си ги сноси парламентарното мнозинство и секако предлагачот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Продолжуваме понатаму.

Предлогот на Законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

По Предлогот на законот вкупно гласаа 98 пратеници, од нив за гласаа сите 98, воздржан нема, против нема.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците и кои не се мнозинство во Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

На седницата присуствуваат 27 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство на Република Македонија. Од нив за Предлогот на законот гласаа сите 27 пратеници, од гласањето

не се воздржа ниеден пратеник, против не гласаше ниеден пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за општата управна постапка.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, констатирам дека 13-та седница на Собранието на Република Македонија е завршена.

(Седницата заврши со работа во 13,32 часот)